ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

21 јули 2023 година Гевгелија Број 8 Година XXXXII

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 14 став (1) и (2) од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на РМ" бр.6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на РСМ" бр.53/21) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

за измена и дополнување на програмата за активностите
на Општина Гевгелија
во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година

**Член 1**

Во првиот пасус во деветти ред, изразот "родова еднаквост" се заменува со "полова еднаквост".

**Член 2**

Во третиот пасус, изразот "родова еднаквост" се заменува со изразот "рамноправност помеѓу жената и мажот".

Во третиот пасус алинеа 2 изразот "родово одговорни политики и програми" се заменува со "политики и програми во насока на создавање услови за воспоставување еднакви можности помеѓу жените и мажите".

Во третиот пасус алинеа 3 изразот "родово одговорно буџетирање" се менува во "буџетирање кое ќе овозможи еднакви можности помеѓу жените и мажите".

**Член 3**

Во делот "ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА" изразот "родова еднаквост" се заменува со "полова еднаквост".

Во истиот дел во алинеа 3, изразите "родово одговорни програми и методологија за креирање на родово одговорни политики и програми" се заменува со "политики, програми и методологија за креирање на еднакви можности на жените и мажите".

**Член 4**

Во втората табела од програмата секој збор "родово" во табелата се заменува со зборот "полова".

**Член 5**

Во образложението од програмата во третиот пасус, изразот "родова рамноправност" се менува "во еднакви можности помеѓу жените и мажите".

Во образложението од програмата во третиот пасус алинеа 2 изразот "родово одговорни политики и програми" се менува и гласи "политики и програми во насока на создавање еднакви можности помеѓу жените и мажите".

Во образложението од програмата во третиот пасус алинеа 3 изразот "воведување родово одговорно буџетирање во ЕЛС" се менува и гласи "буџетирање во насока на еднакви можности помеѓу жените и мажите".

Бр.09-1188/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матхс.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 43 став (2) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 23 став (1) точка 2 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), член 60 став (1) точка 3 и член 142 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.5/07 и 21/07 год.), а во врска со член 38 став (1) точки 43 и 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 17.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## за исплата на финансиска помош за лицето Луна Поп-Костова за медицински третман во приватна клиника во странство

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од 300.000 денариза лицето Луна Поп-Костова од Гевгелија за медицински третман во приватна клиника во странство.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година од Основниот буџет, Програма Д0 – Градоначалник ставка 464990-други трансфери, а ќе се исплати на сметка 270-7000802221.50 во Халк Банк на име Луна Поп-Костова од Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1189/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------------**

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.),  Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 17.07.2023 година

# РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниотплан за вработување на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2024 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план  за вработување за 2024 година на ЈОУ Библиотека ,,Гоце Делчев“ – Гевгелија со архивски број 01-75/1 од 29.05.2023 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1190/1
17.07.2023год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**---------------------------------------------**

Врз основа на 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 32 и член 134 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## за давање под закуп на недвижен имот (стара училишна зграда ОУ "Владо Кантарџиев") во сопственост на Општина Гевгелија, КП бр.3954 КО Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува давање под закуп на недвижен имот-административни простории, стара училишна зграда ОУ "Владо Кантарџиев", сопственост на Општина Гевгелија, што се наоѓа на КП бр.3954 КО Гевгелија, со површина од 18 м2 (објект3), опишан во Имотен лист бр.100970, издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ.

**Член 2**

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука ќе се даде под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, од страна на Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари во сопственост на Општина Гевгелија, формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина преку електронското јавно наддавање изнесува 0,5 % од проценетата вредност на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука, утврдена од страна на овластен проценител од Општина Гевгелија.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи Договор со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање со којшто ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1191/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**------------------------------------------------**

Врз основа на 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 32 и член 134 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија, КП бр.6614 КО Миравци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува давање под закуп на недвижен имот деловен простор, Задружен дом во Миравци(објект 1), во сопственост на Општина Гевгелија, што се наоѓа на КП бр.6614, КО Миравци, со површина од 15 м2, опишан во Имотен лист бр.11243, издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ.

**Член 2**

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука ќе се даде под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, од страна на Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари во сопственост на Општина Гевгелија, формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина преку електронското јавно наддавање изнесува 0,5 % од проценетата вредност на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука, утврдена од страна на овластен проценител од Општина Гевгелија.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи Договор со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање со којшто ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1192/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

----------------------------------------------

Врз основа на 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 32 и член 134 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

## за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија,  КП бр.6614 (објект 3)  КО Миравци

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува давање под закуп на недвижен имот-административна просторија во Задружен дом во Миравци (објект 3), сопственост на Општина Гевгелија, што се наоѓа на КП бр.6614, КО Миравци, со површина од

40 м2, опишан во Имотен лист бр.11243, издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ.

**Член 2**

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука ќе се даде под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, од страна на Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари во сопственост на Општина Гевгелија, формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина преку електронското јавно наддавање изнесува 0,5 % од проценетата вредност на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука, утврдена од страна на овластен проценител од Општина Гевгелија.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи Договор со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање со којшто ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1193/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**---------------------------------------------**

Врз основа на 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 38 став (1) точка 32 и член 134 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија,  КП бр.6614 (објект 4)  КО Миравци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува давање под закуп на недвижен имот-административна просторија во Задружен дом во Миравци (објект 4), сопственост на Општина Гевгелија, што се наоѓа на КП бр.6614, КО Миравци, со вкупна површина од 250 м2, опишан во Имотен лист бр.11243, издаден од Агенцијата за катастар на недвижности на РМ.

**Член 2**

Недвижниот имот опишан во член 1 на оваа Одлука ќе се даде под закуп во постапка со електронско јавно наддавање, од страна на Комисијата за располагање со движни и недвижни ствари во сопственост на Општина Гевгелија, формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина преку електронското јавно наддавање изнесува 0,5 % од проценетата вредност на недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука, утврдена од страна на овластен проценител од Општина Гевгелија.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гевгелија да склучи Договор со најповолниот понудувач на електронското јавно наддавање со којшто ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1194/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 17.07.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален Урбанистички План за дел од Блок 17 (дел од 17.1) општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален Урбанистички План за дел од Блок 17 (дел од 17.1) општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Детален Урбанистички План за дел од Блок 17 (дел од 17.1) општина Гевгелијасе утврдува од поднесената иницијатива од лицата Јован Сивов од Гевгелија, Митко Старделов и Александар Чомовски, двајцата од Скопје.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проектод член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителите на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1195/1
17.07.2023г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

--------------------------------------------

Врз основа на член 62 и член 63 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.07.2023 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 7.5.2.37, ГП 7.5.2.38, ГП 7.5.2.39 и ГП 7.5.2.40 КО Гевгелија, од ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на граници на ГП7.5.2.37, ГП 7.5.2.38, ГП 7.5.2.39 и ГП 7.5.2.40 од ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија со графички приказ на урбанистичкиот проект и текстуален дел на урбанистичкиот проект.

**Член 2**

Проектниот опфат за изработка на Урбанистичкиот проект ги опфаќа КП бр.2817/1, КП бр. 2817/3, КП бр.2817/7, КП бр.2817/5, КП бр.ј 2817/4 и дел од КП бр.2803/4 КО Гевгелија од Член 1 на оваа Одлука и зафаќа површина од 1557,68м$^2$

Проектниот опфат се состои од четири градежни парцели според Изводот од ДУПза дел од Блок 7 ( 7.5 ) Општина Гевгелија.

Основна цел на овој Урбанистички проект еда се изврши промена на границите на градежнати парцели.

Архитектонско урбанистичките параметри се дефинираат согласно одредбите одДУП и законската регулатива.

Класа на намена: Со постојниот ДУП проектниот опфат е со група на намена А1-Куќи за домување, истата се задржува и се определува согласно член 77 одПравилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М. бр.225/20 и 219/21) сеопределува основна намена:**А1- КУЌИ ЗА ДОМУВАЊЕ.**

**Член 3**

Градежните парцели опфатени со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 7.5.2.37, ГП 7.5.2.38, ГП 7.5.2.39 и ГП 7.5.2.40од ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија на КП бр.2817/1, КП бр.2817/3, КП бр.2817/7, КП бр.2817/5, КП бр.2817/4 и дел од КП бр.2803/4 КО Гевгелијасе со следната намена:

- А1 - Куќи за домување;

**Член 4**

Просторот опфатен со Урбанистички Проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 7.5.2.37,  ГП 7.5.2.38, ГП 7.5.2.39 и ГП 7.5.2.40од ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија  со намена А1-Куќи за домување, се состои од текстуален и графички приказ кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Урбанистички Проект со план за парцелацијаза промена на граници наГП 7.5.2.37, ГП 7.5.2.38, ГП 7.5.2.39 и ГП 7.5.2.40од ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија  со намена А1-Куќи за домување, по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1196/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

**-----------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.32/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 17.07.2023 год.донесе

## ОДЛУКА
**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела и определување на површина за градба на КП бр.1269/2 со намена А1.1 – Куќи со двор, КО Мрзенци - општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела и определување на површина за градба на КП бр.1269/2 со намена А1.1 – Куќи со двор, КО Мрзенци - општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела и определување на површина за градба на КП бр.1269/2 со намена А1.1 – Куќи со двор, КО Мрзенци - општина Гевгелијасе утврдува од

поднесената иницијатива на барателот Мики Величковски од с.Мрзенци, општина Гевгелија.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проектод член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,,.

**Член 5**

Со денот на донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела и определување на површина за градба на КП бр.1269/2  со намена Г4.4-Специјализирани складишта, КО Мрзенци – општина Гевгелија бр.09-587/1 од 23.03.2023 год. ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.4/2023г. од 03.04.2023 год.)

Бр.09-1197/1<br>17.07.2023год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх с.р.**

**---------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 36и член 62 од Законот за локална самоуправа, член 38 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.),  и член 27 став (4) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/2020), Советот на Општина Гевгелија донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 1.5, КО Гевгелија - општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт - Детален урбанистички план за дел од Блок 1.5, КО Гевгелија - општина Гевгелија. Деталниот урбанистички план е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РСМ" бр.32/2020) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РСМ" бр.225/20, 219/21 и 104/22).

**Член 2**

Планскиот опфат за изработка на Нацрт - Детален урбанистички план за дел од Блок 1.5, КО Гевгелија - општина Гевгелија е утврдена со границата на УБ 1.5 според ГУП Гевгелија (одлука бр.07-1436/1 од 16.07.2012г).

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

Т1 - Y: 7626512.0538, X: 4556131.0577,
Т2 - Y: 7626352.2897, X: 4556017.4003,
Т3 - Y: 7626400.0200, X: 4555937.5517,
Т4 - Y: 7626404.6565, X: 4555927.5981,
Т5 - Y: 7626450.5179, X: 4555950.3489,
Т6 - Y: 7626548.9811, X: 4556018.3934.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаната граница изнесува **2,03ha**.

**Член 3**

Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намени:

А- Домување
Б-Комерцијални и деловни намени
Е1- Инфраструктура

Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот, а тоа се следните:

***А – Домување***
А2 - домување во станбени згради
А1 - домување во станбени куќи
А4.5 – Ловни домови и ловни куќи

***Б-Комерцијални и деловни намени***
Б1.4 – Мали објекти за трговија

***Е- Комунална инфраструктура***
Е1.8 – Трансформаторски станици и подстаници

ДУП за дел од УБ 1.5, како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија. Целта на

овој план е предвидување на нови површини за градба за градежните парцели со намена А – домување и Б – комерцијални и деловни намени.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел;
- Графички прилози;
- Основни параметри за уредување на просторот;
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри;

**Член 5**

Градоначалникот на општина Гегелија ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за дел од Блок 1.5, КО Гевгелија - општина Гевгелија за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,.

Бр.09-1199/1<br>17.07.2023 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх с.р.**

**------------------------------------------------**

Врз основа на член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 17.07.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР БЕЗ НАДОМЕСТ

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава на користење без надомест деловен простор на ул. "Маршал Тито" бр.144 со КП 5571, со површина од 265 м2, сопственост на Општина Гевгелија, запишано во Имотен лист 1024 за КО Гевгелија,                од

досегашниот корисник Општина Гевгелија на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

**Член 2**

Деловниот простор се дава на користење за потребите на проект кој ќе биде аплициран од страна на Центарот за развој на ЈИПР на првиот Повик за проектни концепти на Програма Interreg (VI-A) ИПА Бугарија – Северна Македонија 2021 - 2027 година, кои придонесуваат за постигнување на Специфичната цел 1.2 „Развој на атрактивен и целогодишен туристички производ преку интелигентни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“ на Територијалната стратегија, објавен на ден 22 Мај 2023 година.

**Член 3**

Деловниот простор на член 1 од оваа одлука на Советот на Општина Гевгелија се доделува на времено користење без надомест се до истекување на рокот од 5 години од денот на завршувањето на имплементацијата на овој проект.

**Член 4**

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1200/1
17.07.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

----------------------------------------

Врз основа на член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) и член 3 став (2) од Одлуката за доделување субвенции на граѓаните на Општина Гевгелија за купување велосипед бр.09-1074/1 од 29.06.2023 год. (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.7/23 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

# РЕШЕНИЕ

**за формирање Комисија за спроведување постапка за доделување субвенции за набавка на велосипеди**

1.За спроведување постапка за доделување субвенции за набавка на велосипеди, се формира комисија во состав:

**Благој Картов**-вработен во општинска администрација (Претседател),
**Петар Јанчев**-вработен во општинска администрација (член),
**Весна Попова**-вработен во општинска администрација (член).

**Ристо Атанасовски**- Фондација за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија (заменик-претседател),
**Петранка Чалков** - Фондација за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија (заменик-член), и
**Љупка Вукашиновска** - Фондација за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија (заменик-член).

2.Комисијата од точка 1 на ова решение има обврска да објави јавен повик за субвенционирање на граѓани на Општина Гевгелија за набавка на нов велосипед, да ги разгледа сите пристигнати барања за доделување субвенции и да даде предлог до Градоначалникот за прифаќање, одбивање или отфрлање на поднесените барања, во зависност дали барателот ги исполнува условите дадени во јавниот повик.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.08-1182/1
14.07.2023година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
**Андон Сарамандов с.р.**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-4/8**
**06.07.2023 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/2020) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за изготвување на Извештај од спроведената втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Урбан Блок 15.11,општина Гевгелија**

1. За изготвување на Извештај од спроведената втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Урбан Блок 15.11, општина Гевгелијасе формира комисија составена од три члена.

2. Во комисијата се именуваат:

- Елена Колев, дипломиран инженер архитект – одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација;
- Томе Тимов, дипломиран инженер архитект – овластен претставник на изработувачот на планот ,,ВЕКТОР 90 Томе,, дооелСтрумица;
- Митко Павлов, дипломиран инженер архитект – надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3. Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Детален урбанистички план за Урбан Блок 15.11, општина Гевгелијада се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите за Законот за урбанистичко планирање.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија”.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов с.р.***

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-4/6**
**06.07.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 27 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/2020) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**О Д Л У К А**
**за организирање на втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Урбан Блок 15.11, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на втора јавна презентација и јавна анкета поДетален урбанистички план за Урбан Блок 15.11, општина Гевгелија со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Деталниот урбанистички планзаУрбан Блок 15.11, општина Гевгелија изнесува **1,62ха**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии и површината до оските на сообраќајниците.

Планскиот опфат на Детален Урбанистички план за Урбан Блок 15.11 во Гевгелија е ограничен со осовините на собирна улица “Новопланирана 1” –на север,сервисна улица “СЕ9”- на запад, и продолжува по западните граници на КП 405/2 и КП 405/1 до пресекот со границата на КП 5867 и се движи по северо-западната граница на КП 5867, 5863/1, 5863/2, 5857 и КП 5856/1, до пресекот со осовината на собирна улица “Новопланирана 1.

**Член 3**

Втората јавна презентација ќе се организира во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден **25.07.2023** година со почеток во **11.00** часот.

**Член 4**

Втората јавна анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложенДеталниот урбанистички план заУрбан Блок 15.11општина Гевгелија, за спроведувањето на втора јавна презентација и јавна анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов с.р.***

---------------------------------------

# СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2023 година----606
2.Одлука за исплата на финансиска помош за лицето Луна Поп-Костова за медицински третман во приватна клиника во странство----607
3.Решение за давање согласност на Годишниотплан за вработување на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2024 година----608
4.Одлука за давање под закуп на недвижен имот (стара училишна зграда ОУ "Владо Кантарџиев") во сопственост на Општина Гевгелија, КП бр.3954 КО Гевгелија----609
5.Одлука за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија, КП бр.6614 КО Миравци----610
6.Одлука за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија, КП бр.6614 КО Миравци----611
7.Одлука за давање под закуп на недвижен имот во сопственост на Општина Гевгелија, КП бр.6614 (објект 4) КО Миравци----613
8.Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален Урбанистички План за дел од Блок 17 (дел од 17.1) општина Гевгелија----614

9.Одлука за донесување на Урбанистички Проект со план за парцелација за ГП 7.5.2.37, ГП 7.5.2.38, ГП 7.5.2.39 и ГП 7.5.2.40 КО Гевгелија,од ДУП за дел од Блок 7 (7.5) општина Гевгелија -----------------------------------------------------------------------615
10.Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела и определување на површина за градба на КП бр.1269/2 со намена А1.1 – Куќи со двор, КО Мрзенци - општина Гевгелија-----------------------------------------------------616
11.Одлука за утврдување на Нацрт – Детален урбанистички план за дел од Блок 1.5, КО Гевгелија - општина Гевгелија-------------------------------------------------------617
12.Одлука за давање на користење на деловен простор без надомест-------------619

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.Решение за формирање Комисија за спроведување постапка за доделување субвенции за набавка на велосипеди -------------------------------------------------------621
2. Решение за формирање на Комисија за изготвување на Извештај од спроведената втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Урбан Блок 15.11, општина Гевгелија----------------------------------------------622
3. Одлука за организирање на втора јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Урбан Блок 15.11, општина Гевгелија---------------------------623

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“, Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***